Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 26/0306
31.01 2019 год.
Скопје

30.01.2019

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 28 јануари 2019 година, врз основа на примена жалба од 1 ТВ, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА**

Прилогот на Телевизија „Канал 5“ не отстапува од професионалните и етичките стандарди

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 21 јануари 2019 година, Телевизија „1ТВ“ поднесе жалба за текстот со наслов „Скандалозно: Азманов тврди дека Боки 13 му изнудувал 50 илјади евра!“, објавен на 21 јануари 2019 година на Канал 5 Телевизија (www.kanal5.com.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточно и нефер известување и не е застапена втора страна, односно не побарале став од Бојан Јовановски, кој е предмет на обвинувања во прилогот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Телевизија „Канал 5“ и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Од „Канал 5“ не одговорија на наводите на жалителот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **НЕОСНОВАНА** и дека нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 28 јануари 2019 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина. Најпрво, заклучи дека не може и нема право да ги утврдува фактите наведени во неа. Нејзината надлежност е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Комисијата најде дека во прилогот на „Канал 5“ ТВ нема прекршување на професионалните и етички стандарди. Членовите на Комисијата се согласија дека се работи за коректен новинарски производ, преку кој, авторот пренесува прес-конференција на бизнисменот Зоран Азманов, кој обвинува дека му била вршена изнуда од страна на Бојан Јовановски, попознат во јавноста како Боки 13.

Спротивно на тврдењата на подносителот на жалбата, Комисијата утврди дека новинарот побарал „втора страна“, односно се обидел да добие став од Јовановски, што е наведено на самиот крај од прилогот:

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

***„По обвинувањата од Азманов за обид за изнуда, побаравме став и од Јовановски, но досега немаме одговор“,*** пишува авторот, кој прилогот, го документира и со визуелен приказ дека навистина медиумот побарал одговор од Јовановски, по пат на електронска пошта (е-маил).

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски и Ердем Ахмет.

**Се обврзува Телевизија „Канал 5“ (www.kanal5.com.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595